Врз основа на член 88 од од Законот за општа управна постапка (Сл. Весник на РМ 124 / 2015) и измените и дополнувањата (Сл. Весник на РМ број 65/18), како и член 20, 21 и 24 од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр.101/2019), имателот на информациите од јавен карактер при ООУ„Страшо Пинџур“ село Мало Коњари - Прилеп, на функција одговорно лице, д-р Зоран Петрески – в.д.директор на ООУ„ Страшо Пинџур“ село Мало Коњари - Прилеп на ден 21.12.2022 година го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

За позитивно одговорено барање за пристап на информации од јавен карактер

Член 1

Врз основ на пристигнатото барање за пристап до информации од јавен карактер од Граѓанска иницијатива за образовни реформи „Учебници и настава мора да има“ застапувано од Драгана Спасевска, сега како правен субјект Асоцијација за унапредување на воспитно-образовниот систем и заштита на правата на децата и младите во образованието „ Либрис плус“ заведено од 13.12..2022 година, пристигнато на е- mail адресата од училиштето и заведено во деловодник под бр.03-241/1 од 14.12.2022 година, а кое е во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник на РСМ бр.101 од 22.05.2019 година) се пристапи кон изготвување на бараните информации;

Член 2

Барањето за пристап до информации од јавен карактер ги содржи сите елементи наведени согласно Законот и се однесува на информациите:

1. Дали учениците од 1-во до 5-то одделение добија печатени учебници?
2. Кои учебници најчесто недостигаат кај учениците од 6-то до 9-то одделение?;
3. Дали сте се обратиле до МОН и БРО да достават учебници во Вашето училиште?;
4. Дали имате недостаток од други неопходни средства за работа во Вашето училиште?

Член 3

Службено лице за посредување на информациите од јавен карактер секретарот на училиштето, Виолета Димеска веднаш пристапи кон изготвување на бараните информации и тоа:

1. По однос на првото барање дали учениците од 1-во до 5-то одделение добија печатени учебници, Ве информираме дека учениците **делумно** имаат добиено учебници и недостигаат следните учебници: за 1-во одделение учебник по општество, за 2-ро одделение учебници по математика и општество, за 3-то одделение македонски јазик, математика, материјали придружни материјали и природни науки и за 5-то одделение учебници по македонски јазик.
2. По однос на второто барање Ве информираме дека од 6-то до 9-то одделение ги имаме сите учебници и немаме недостиг од учебници.
3. По однос на третото барање дали се имаме обратено до МОН и БРО, Ве информираме дека уште во месец Мај на образецот за порачка на учебници заведен кај нас под број 03-18/2 од 13.05.2022 година ги имаме порачано сите учебници согласно на бројот на ученици кои се потребни за оваа учебна 2022/23 година.
4. По однос на четвртото барање Ве информираме дека во училиштето немаме недостиг на други неопходни средства за работа на училиштето.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Граѓанската иницијатива за образовни реформи „Учебници и настава мора да има“ застапувано од Драгана Спасевска, сега како правен субјект Асоцијација за унапредување на воспитно-образовниот систем и заштита на правата на децата и младите во образованието „ Либрис плус“ достави барање за слободен пристап на унформации од јавен карактер заведено од 13.12..2022 година, пристигнато на e-mail адресата од училиштето и бидејќи истото ги содржи сите елементи согласно на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник на РСМ бр.101 од 22.05.2019 година), се одговори **позитивно**, се пристапи кон изготвување на бараната информација и се донесе Решение како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба до Агенцијата за слободен пристап на информации согласно на член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник на РСМ бр.101 од 22.05.2019 година),

Бр.03 -241/2
21.12.2022 год.
Мало Коњари

Изготвил
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
/ Виолета Димеска /

Иматeл на информации од јавен карактер
ООУ„ Страшо Пинџур“ село Мало Коњари - Прилеп
Одговорно лице
/ д-р Зоран Петрески /